ЛЕФКОВА НА ФЕСТИВАЛ ВО ПАМУК КАЛЕ

# Сања учи турски песни

Аренби пејачката Сања Лефкова учи турски песни. Причината за тоа е фестивалот "Памук кале", во Турција, што ќе се одржи од деветти до 15 септември. Фестивалот за прв пат се организира и Сања е прва гостинка од Македонија. На овој интернационален фестивал ќе учествуваат 26 земји учеснички.

- Фестивалот трае три дена и предвидено е настап на песни на мајчин јазик и песни на турски. Јас во првите две вечери ќе настапам со мои песни, а третата треба да научам турски. Во изборот на турски песни ми помага менаџерот за Македонија, Адил Алуш, кој исто така ќе биде дел од фестивалот - вели Сања, која е на настап во Бугарија.

***(В.М.)***

*Јас во првите две вечери ќе настапам со мои песни а третата треба да научам турски, вели пејачката*



# Џајковски на "Лав и хепинес" во Охрид

Музичарот Кирил Џајковски вечерва ќе настапи на фестивалот "Лав и хепинес", кој се одржува на двете плажи во Градиште во Охрид. Кирил ќе настапи со неговиот енергичен бенд во живо и ќе се претстави во поцврста, "стегната" варијанта, совршена за слушање под отворено небо.

На првата плажа покрај Џајковски ќе настапат диџеите Бабура, Боби и Бранчес. На втората или транс стејџ настапуваат "Космосис", "Архаик", "Имеџинери сајт", "Галактик експлорерс", "Џантриџ", "Кокс" и "Албиорикс".

Промотивната цена на билетите е 400 денари. Влезниците на врата ќе се продаваат по цена од 500 денари.

***(В.М.)***

# Започна "Крушево етно град"



*Новиот војвода Ранко Бубамара (во средина) со своите комити завчера на отворањето на манифестацијата*

Крушево од завчера повторно се врати во времето на Илинденското востание. Започна манифестацијата "Крушево етно град", во организација на скопското радио "Бубамара".

"Крушево етно град" ќе трае до 12 август. Комитите и чорбаџиите ги повикуваат сите граѓани да го посетат Историскиот времеплов во Крушево и да уживаат на температура од 19 степени и чист воздух во месец август.

# Катерина Урдова на Мис супер модел во Кина



Катерина Урдова вчера пристигна во Пекинг, Кина каде ќе учествува на светскиот избор за Мис супер модел. Изборот ќе трае до 4 август а ќе се одржува во градовите Тијанин и во Рехерсол. На изборот учествуваат 60 земји од светот, ќе се доделат и шест награди и ќе се одберат и топ 10 модели. Избраните девојките ќе имаат шанса да останат и соработуваат на моден план со организаторот, но и да склучат годишни договори.

Изборот се одржува по 15. пат. Лиценцата за Македонија ја поседува "Пантер моделс". Катерина ќе носи фустан од креаторката Емили Пишева со која соработува долго време.

***(В.М.)***